



# ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН

ИЗГОТВУВА:
ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

# МЕЃУНАРОДЕН УСПЕХ НА УЧЕНИЦИТЕ ОД „ЛАЗО ТРПОВСКИ“

**Тројца основци од ООУ „Лазо Трповски“ – општина Карпош, денеска официјално ги добија пофалниците за пласман во финалето на 8. Меѓународен училиштен литературен натпревар кој се одржа во Берлин, Германија, на тема „Аладин, волшебната ламба и јас“. Сара Поповска и Клара Блинков, со своите ликовни творби и Томислав Јовановски, со стихувана лична творба, се најдоа меѓу 150 најдобри ученици, од вкупно 1.500 основци, од осум европски земји: Германија, Австрија, Швајцарија, Франција, Италија, Хрватска, Полска и Македонија.**

**Двајцата наставници од ООУ „Лазо Трповски“, Соња Јовановска и Стефан Симовски, во својство на координатори и ментори, исто така добија пофалници за својот ангажман. Натпреварот што го организира „Германскиот центар за сказни“ од Берлин, традиционално се одржува во рамки на манифестацијата „Берлински денови на сказните“, во соработка со Министерствата за образование на Германија, Австрија и Швајцарија.**

**Во своето писмено обраќање до финалистите од ООУ „Лазо Трповски“, раководителката на проектот, Биргит Маршал, изрази благодарност за учеството на овој реномиран меѓународен натпревар.**
**- „Се надеваме дека уживавте додека ги пишувавте личните творби и ги цртавте илустрациите. Затоа, не треба да се разочарувате што не сте меѓу дванаесетте првопласирани, бидејќи, сепак добивате соодветно признание за вашиот креативен потенцијал од страна на стручното жири во кое имаше претставници од Министерствата за образование “ – посочи Биргит Маршал.**




## ОДБЕЛЕЖАН ГОЛЕМИОТ ВЕРСКИ ПРАЗНИК СВЕТИ АТАНАСИЈ

**Со зурли и тапани, ова утро, беше означено прославувањето на големиот верски празник „Свети Атанасиј Велики“. Жителите на Влае во голем број се собраа заедно да ја проследат свечената литургија, со осветување на водата и храната и прогласувањето на новите кумови за наредната година, а тоа се Зоран Јаневски, Томе Теовски и Славе Велјановски. Овогодинешната кума, Рада Божиновска посака здравје за сите, среќа и љубов на овој голем празник, како што рече таа, празник на љубовта.**

**За прв пат оваа година, беше формирано Здружението за негување на верски и народни обичаи „Св. Атанасиј Велики“, а избраниот претседател, Славе Велјановски образложи за тоа која е целта на Здружението.**

**-Денес, во чест на празникот Св. Атанасиј Велики, се формираше Здружение преку кое ќе може да се организираат сите верски и народни обичаи, кои се случуваат во кругот на населбата Влае.**

Здружението ќе организира верски настани и ќе се грижи кај секој граѓанин да го наметне духовното и да најдеме начин како повеќе да се дружиме и да ги поминуваме празниците заедно. Иницијативата за вакво Здружение е на сите граѓани од наслебата Влае.

По свечената литургија, се сервираше Славска софра, со познатата „Влаевска чорба", а попладне на празничната програма следи забавниот дел, каде групата „Акапулко" ќе ги забавува Влаевчани и ќе имаат можност да се послужат и со топли напитоци и греано вино.

По повод традиционалното одбележување на христијанскиот празник, денеска на богата трпеза се гостуваа и се дружеа и граѓаните во Злокуќани и во Бардовци.





